РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА
Бр. 13-6145/1
26.06 200 7 год.
СКОПЈЕ

# ПРОГРАМА ЗА СОРАБОТКА
## за 2007 година

меѓу

**ГИП Интернационал**
**(Министерство за труд, социјална кохезија и стамбени прашања на Република Франција)**

и

**Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија**

## ВОВЕД

Со цел да се воспостави соработка помеѓу министерствата на Франција и Република Македонија надлежни за прашања од областа на трудот, вработувањето и професионална обука преставници на ГИП Интернационал (Групација од јавен интерес за развој на техничка помош и меѓународна соработка) и преставници на Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија одржаа прва средба во март 2006 година во Скопје. Средбите што се одржаа во март 2006 во Скопје овозможија да се зајакне взаемниот интерес на француските и македонските претставници во поглед на техничката соработка помеѓу францускотo и македонското министерство. Програмата за соработка помеѓу ГИП Интернационал и Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија за 2006 година беше потпишана на 7 јули 2006 година.

Активностите за соработката на ГИП Интернационал се остваруваат во рамки на однапред утврдените насоки на Министерството за труд, социјална политика и стамбени прашања на Република Франција. Оваа активност се однесува, пред се, на социјалните промени настанати од процесот на европското проширување, процес што претставува решавачки фактор за структурата на Европа. Тој процес создава нови потреби, особено во доменот на социјалната политика. Затоа, активноста на ГИП Интернационал има за приоритет да го помогне ширењето на демократските искуства, почитување на социјалните норми, промоција на концепт за развој заснован врз социјален дијалог, помош во политиките за доусовршување насочени кон вработувањето, борбата против сиромаштијата, социјалното исклучување.

Покрај општите начела на кои почива соработката на ГИП Интернационал, соработката помеѓу Групацијата и Министерството за труд и социјална политика треба да биде и во рамки на утврдените стратешките цели на Владата на Република Македонија во доменот на трудот, вработувањето и професионалната обука. Целта на соработката е обезбедување на техничка помош на Министерството за труд и социјална политика која ќе го подржи и олесни развојот на структурите кои ги наметнува националното и меѓународното економско – социјално опкружување. Една од областите на интервенција на ГИП Интернационал претставува 'acquis communautaire' во доменот на социјалната политика, кое подразбира минимум стандарди во областа на трудот, еднаквите можности, здравјето и безбедноста на работа, недискриминацијата. Ова се однесува и на процесот на соработка на европско ниво на полето на вработувањето и социјалната инклузија.

Оваа програма за соработка за 2007 година влегува во сила по нејзиното потпишување од страна на ГИП Интернационал и Министерството за труд и социјална политика а активностите содржани во оваа програма се поконкретни и се однесуваат на повеќегодишен процес на соработка. Нивната реализација ќе се остварува во 2007 и 2008 година.

## 1. ТРУД

### *1.1.* Здравје и безбедност при работа

*Причина :* *Спогодбата склучена меѓу Република Македонија и Европската Унија во рамките на процесот на стабилизација и асоцијација, ги наведе македонските власти да ги утврдат домените, особено во областа на трудовата политика, во кои е потребно приспособување на правните прописи со европските стандарди. Законот што се однесува на здравјето и безбедност при работа покрива повеќе домени од 'acquis communautaire'. Одговорните во Министерството за труд и социјална политика сакаат да го разгледаат постојното решение и да приспособат одделни делови од ова решение на 'Acquis communautaire'. Ова преиспитување е еден од аспектите на дефинираната владина стратегија во однос на здравјето и безбедноста при работа.*

*Во тој контекст одговорните лица од Министерството за труд и социјална политика изразија желба француски експерти од Министерството за вработување, социјална политика и стамбени прашања да учествуваат во тоа преиспитување, да дадат придонес во разгледувањето на институционалното решение, како и во зголемување на стручноста и знаењата на македонските инспектори за заштита при работа во тој домен.*

*Носител на француска страна:* *Министерство за вработување, социјална политика и стамбени прашања; Генерален директорат за труд (Г.Д.Т).*

*Носител на македонска страна:* *Министерство за труд и социјална политика.*

*Шеф на проектот на француска страна:* *г-ѓа Мари-Кристин Бодур, одговорна на мисијата , Г.Д.Т.*

*Шеф на проектот на македонска страна:* *г. Зоран Апостолски, раководител на Одделение за заштита при работа - Државен инспектор, Државен инспекторат за труд*

*Вид на активност:*

*а) мисија / 2 експерти (шифра на активност бр.1.1.0.0.1)*
*б) мисија / 2 експерти (шифра на активност бр1.1.0.0.2.).*
*в) студиска посета / 5 експерти (*) (Реализација во 2008 година)*
*г) мисија / 2 експерти (Реализација во 2008 година)*
*(*) : вклучувајќи преведувач*

*Место :*

*а) Македонија*
*б) Македонија*
*в) Франција*
*г) Македонија*

*<u>Времетраење :</u>* *а) 5 дена*
*б) 5 дена*
*в) 5 дена*
*г) 5 дена*

*<u>Период на реализирање на активноста :</u>* *а) 2 семестар 2007*
*б) 2 семестар 2007*
*в) 1 семестар 2008*
*г) 1 семестар 2008*

*<u>Цели</u> : Крајна цел на размената на искуства меѓу француските и македонските експерти е да се обезбеди техничка помош во усвојувањето на заедничките прописи во доменот на здравјето и безбедноста при работа. Заеднички ќе бидат елаборирани:*

*- Заедничко разгледување на правните прописи и состојби на различните учесници вклучени во доменот на здравјето и безбедноста при работа (администација на централно и локално ниво, трудова инспекција, организации за заштита, медицина на трудот, социјалните партнери), поврзаноста на тие учесници едни со други;*

*- Препораки со предлози за имплементација.*

*Преиспитувањето и изготвувањето на препораките ќе се реализира во следните етапи:*

*а) анализа на постојната состојба (прописи и учесници) ;*
*б) подготовка на предлози согласно процесот на интеграција и примена на 'acquis communautaire' во доменот на здравјето и безбедноста при работа ;*
*ц) студиска посета во Франција (обука) на македонски експерти од областа на здравјето и безбедноста при работа (реализација во 2008 година);*
*д) финализирање на предлозите врз основа на заедничките согледувања (реализација во 2008 година).*

## 1.2. Нелегална работа

*Причина:* Република Македонија се наоѓа во географска зона на интензивни миграциони движења. Во изминатите години раселувањето на луѓето во внатрешноста на земјата беше многу важно. Република Македонија останува транзитна земја на нелегална имиграција. Што се однесува до раселените лица беа преземени најразлични мерки за враќање на тие лица. Законот донесен во 2003 година одговара на европските и меѓународни норми и стандарди кои се применуваат при прием и престој на бегалци. Министерството за труд и социјална политика е задолжено за советување на бегалците и координирање на примената на овој закон. Република Македонија особено се залагаше за регионална соработка, пред се преку потпишување на договори за слободна трговија со сите земји во регионот. Во однос на миграцијата, македонските власти ги имаат донесено прописите кои го регулираат правото на живеалиште, дозволата за престој на долг период и повторно обединување на семејството. Покрај тоа мерките наменети за подобрување на интеграцијата се предвидени и во Националниот акционен план за миграцијата и правото на азил. Според Уставот странците ги уживаат истите основни права како и македонските граѓани. Правото на азил е загарантирано со Законот за азил и привремена заштита, кој е на сила од 2003.

*Проблемот на нелегалната работа претставува една од причините за интензивирање на миграционите движења. Таквите миграциони текови навистина ќе ја засилат релативно големата сива економија.*

*Разбирајќи го значењето на прашањето на борбата против нелегалната работа од економска и социјална гледна точка, одговорните лица во Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија изразија желба да бидат информирани за начините на организација и фунционирањето на француските служби кои работат на ова поле .*

*Носител на француска страна:* Министерство за вработување, социјална политика и стамбени прашања; Меѓуминистерска делегација за борба против нелегалната работа (ДИЛТИ)

*Носител на македонска страна :* Министерство за труд и социјална политика

*Шеф на проектот на страна на Франција:* Г. Тери Присли, генерален секретар на ДИЛТИ

*Шеф на проектот на македонска страна:* Г. Стојан Трајанов, државен советник, Министерство за труд и социјална политика

*Вид на активност:*

студиска посета / 4 лица
(*) (шифра на активност бр. 1.2.0.0.1.)
(*) : вклучувајќи преведувач

Место : Франција

Времетаење : 2 дена

Период на реализација на активноста: втор семестар на 2007 година

Цели :

- Информирање на членовите на македонската делегација за француските механизми за борба против нелегалната работа:

  * Состојбите во минатото и сегашната состојба во врска со борбата против нелегалната работа во Франција
  * Законски (правни) дефиниции и систем на прекршочни и управни санкции;
  * Институции за координирање и анимирање на борбата против нелегалната работа;
  * Мисијата, улогата и организација на ДИЛТИ;
  * Улогата на полициските сили во борбата против нелегалната работа.

- Размена на искуства меѓу членовите на македонската делегација и француските експерти.

## 1.3. Европски социјален фонд

*Причина:* *Во рамки на нејзиното приближување кон Европската унија, Македонската држава сака да ја усогласи својата социјална политика со политиките во оваа област на Европската комисија. Усогласувањето во областите на вработување, социјална исклученост и сиромаштија бара да се стави посебен акцент на подготовките за имплементација на Европскиот социјален фонд (ЕСФ).*

*Носител на француска страна:* *Генерална делегација за вработување и професионална обука (ГДВПО), Министерство за вработување, социјална политика и стамбени прашања;*

*Носител на македонска страна:* *Министерство за труд и социјална политика*

*Шеф на проектот на страна на Франција:*

*Шеф на проектот на македонска страна:* *раководител на одделение за координација и имплементација на ИПА, Министерство за труд и социјална политика*

*Вид на активност:*

*студиска посета / 5 лица*
*(*) (шифра на активност бр. 1.3.0.0.1.)*
*мисија / 1 експерт (шифра на активност бр. 1.3.0.0.2).*
*(*) : вклучувајќи преведувач*

*Место :*

*Франција;*
*Македонија;*

*Времетраење :*

*3 дена (студиска посета);*
*5 дена (мисија);*

*Период на реализација на активноста:*

*втор семестар на 2007 година (студиска посета);*
*втор семестар на 2007 година (мисијата);*

*Цели :*

- *студиска посета: информирање на одговорните лица од македонска страна за француските механизми на управување со националните програми финансирани од Европскиот социјален фонд; генерално земено информацијата ќе се однесува на насоките и управувањето на*

*национално ниво со сите програми на Заедницата финансирани од Европскиот социјален фонд како подршка на Европската стратегија за вработување и на националните политики; информацијата, исто така, ќе се однесува и на контролата на користењето на средства од ЕСФ.*

- *Мисијата: Дефинирање на методите и формите на воспоставување на единица за управување на програмите финансирани од ЕСФ.*

## 2. ВРАБОТУВАЊЕ

### 2.1. Услуги за лицата што бараат работа.

*Причини : Состојбата на пазарот на трудот во Република Македонија останува чувствителна. Преструктурирањето на економијата доведе до опаѓање на понудата на работа. Создавањето на работни места се намали во последниве години. Бројот на активно работоспособно население се намали. Процесот на приватизација на поранешните државни претпријатија ја зголеми стапката на невработеност. Бројот на активно работоспособно население е мал. Невработеноста особено ги засега младите. Долгорочно невработените лица претставуваат значителен дел од вкупниот број невработени лица. Македонските власти вложуваат голем напор да ја намалат структурната невработеност преку политиките за вработување. Во јули 2005 година македонските власти донесоа нов Закон за работните односи со цел да се поедностави постапката за вработување и отпуштање од работа, како и за поттикнување на нови форми на вработување, какви што се договорите за работа со скратено работно време или за работа на определено време.*

*Покрај измени во прописите од областа на трудот, политиката на вработување доби нов правец со што им се даде приоритет на активните мерки на пазарот на трудот, со цел охрабрување на создавањето на нови работни места, убедување на невработените да бараат работа, како и развој на човечките ресурси. Овие мерки се реализираат од страна на Агенцијата за вработување основана во 1952 година. Во 2006 Република Македонија донесе Национална стратегија за вработување 2010 и Национален акционен план за поттикување на вработувањето 2006-2008 во согласност со интегрираните европски насоки во доменот на вработувањето.*

*Во тој контекст претставниците од Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија изразија желба за соработка меѓу француските и македонските јавни служби за вработување, која би придонела за создавање подобри услови за организирање и работа на Агенцијата за вработување на Република Македонија.*

*Носител на француска страна:* Национална агенција за вработување (НАЕ)

*Носител на македонска страна: Агенција за вработување на Република Македонија*

*Шеф на проектот на француската страна : г-ѓа Даниеле Ноел - Бонет, одговорна на мисијата; Национална агенција за вработување; Сектор за меѓународни односи.*

*Шеф на проектот на македонска страна: Директор на Агенција за вработување на Република Македонија*

*Вид на активност:*

*а) студиска посета / 4 лица (*) (шифра на активност бр. 2.1.0.0.1)*
*б) мисија / 2 експерта (шифра на активност бр.2.1.0.0.2.)*

*Место :*

*а) Франција*
*б) Македонија*

*Времетраење :*

*а) 2,5 дена*
*б) 5 дена*

*Период на реализирање на активноста:*

*а) 2 семестар 2007*
*б) 2 семестар 2007*

*Цел: Подобри услуги за лицата што бараат работа преку подобрување на квалитетот на интервјуата (прием, комуникација, елаборација на заеднички наоди, предлагање на услуги) и усовршување на процесот на собирање и обработка на податоци за лицата што бараат работа и нивно враќање на работа.*

*Студиската посета на македонска делегација во Франција (види горе под а) ќе има за цел членовите на македонската делегација да се запознаат со организацијата и функционирањето на Националната агенција за вработување (генерално претставување на Националната агенција за вработување; посета на една локална агенција за вработување), како и размена на искуства меѓу претставниците на јавните служби за вработување, особено за :*

- *услугите што се обезбедуваат на лицата што бараат работа;*
- *начините на обезбедување на услугите.*

*Постои можност во рамки на студиската посета да бидат вклучени и француски партнери од приватниот и јавниот сектор кои учествуваат на берзата на трудот.*

*Мисијата на француски експерти во Македонија ( види под б)) ќе има за цел оперативна подготовка на техничката помош за подобрување на начинот на спроведување на разговорите - интервјуата за работа. Етапите на интервенција на француските екперти ќе бидат како што следува во продолжение:*

- *Посета на репрезентативни локални центри за вработување. Средбата меѓу француските експерти и директорите на тие центри ќе има за цел да се идентификува тековната состојба и потешкотиите, како и потребите за обука на нивните екипи за спроведување на интервјуа-разговори за работа (прием, анализа на ситуацијата на лицето што бара работа имајќи ги предвид движењата на локалната берза на трудот,*

заеднички заклучок, обезбедување на услугите, внесување на податоците);

- *Подготовка на матрица за анализа со директорите на центрите;*

- *Попис на методите, средствата и искуствата на советниците за вработување кои се применуваат во разговорите-интервјуата со лицата што бараат работа;*

- *Анализа на разликите меѓу реалната и посакуваната состојба и развој на план на обуки прилагоден на потребите;*

- *Планирање на следните етапи (селекција на службениците што ќе имаат приориет во обуката за техниките на водење на разговор-интервју; имплементација на обуката; оценка на нејзините ефекти; проширување на обуката на поширока група учесници; обука на обучувачите).*

## 3. КООРДИНАЦИЈА И СЛЕДЕЊЕ

### 3.1. Кординација, техничко следење и евалуација на соработката.

За да може евентуално да се планираат активности комплементарни на презентиранаата програма за соработка и заради обезбедување на координација, техничко следење и оценка на проектите на соработка предвидени во оваа програма, овде се предвидува експертиза во траење од 18 дена (6 X 3 дена) (шифра на активност бр. 5. 0. 0. 0. 1).

Првата оценска мисија ќе се спроведе од страна на францускиte експерти во четвртиот квартал на 2007 година. Целта на оваа мисија ќе биде евалуација на проектите на соработка реализирани во текот на годината. Исто така, оваа мисија ќе има за цел да се дефинираат индикатори за мерење на резултатите кои би придонеле за подобро вреднување и координација на активностите на соработка. Мисијата ќе овозможи редифинирање на целите утврдени со оваа програма на соработка.

12/07/07

**Министер за труд**
**и социјална политика**
**на Република Македонија**

**Љупчо Мешков**

**Претседател на**
**ГИП Интернационал**

**Мишел Тиери**

Табела со соджина.

1. ТРУД ......................................................................................................................... 3
*1.1.* Здравје и безбедност при работа ............................................................ 3
1.2. Нелегална работа ...................................................................................... 5
1.3. Европски социјален фонд ........................................................................ 7
2. ВРАБОТУВАЊЕ ........................................................................................................ 9
2.1. Услуги за лицата што бараат работа ....................................................... 9
3. КООРДИНАЦИЈА И СЛЕДЕЊЕ ............................................................................ 12
3.1. Кординација, техничко следење и евалуација на соработката. .......... 12